Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2021, до 23.9.2020 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: Фондација Отворено општество - Македонија

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 4030999370170

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. Чедомир Миндеровиќ број 31, општина Центар

Застапник: Фани Каранфилова-Пановска, Извршна директорка

Веб страница: www.fosm.mk

Електронска пошта (e-mail): fosm@fosm.mk, fani.karanfilova@fosm.mk

Телефонски број за контакт: 072/244-859

Лице за контакт: Надица Стамболџиоска, асистентка на извршната директорка

## Предлог- иницијатива
## за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија
## за 2021 година

**Наслов на иницијативата: „Структурен дијалог со граѓанските организаци“**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија) **„Влеговме во НАТО, можеме и во ЕУ“**

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија) **„Следна цел, членство во ЕУ“**

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје) **„Демократија“ / „Граѓанско општество“**

**Образложение:** Сегашната состојба со секторскиот пристап во земјата предвидува функционирање на 12 секторски работни групи во различни 12 области. 8 од секторските работни групи се основани во текот на 2015 година, додека останатите во текот на 2019/2020 година. Секторските работни групи се основани со решение и носат деловник за својата работа. До сега, 11 секторски работни групи имаат донесено решение кое го регулира статусот и членовите во секоја секторска работна група, додека само 10 секторски работни групи работат според Деловник за работа кој ја регулира функционалноста на овие тела.

Секоја секторска работна група е составена од претседавач (претставник на институцијата од највисок ранг – надлежен министер), секретар и од членови. Вклучувањето на граѓанскиот сектор во работата на секторските работни групи е еден од предусловите во спроведувањето на секторскиот пристап за ИПА II. Сепак, има секторски работни групи кои во својата работа не ги вклучуваат граѓанските организации. Таков пример е секторската работна група за Конкурентност и иновации. Следствено, мал е и бројот на граѓански организации кои учествуваат во работата на секторските работни групи. Па така, согласно прашалникот за анкетирање на граѓанските организации, каде учествуваа 104 организации, само 9 одговориле дека се дел од работата на некоја секторска работна група. Дополнителна разлика се прави и во начинот и степенот на вклучување на граѓанските организации во секторските работни групи. Во некои работни групи претставниците на граѓанските организации се во својство на членови, додека други во други се набљудувачи на работата на секторските работни групи. Ваквата разлика оневозможува граѓанските организации да имаат унифициран пристап кон работата на секторските работни групи.

Работата на секторските работни групи мора да се унапредува понатаму, особено со степенот на вклучување на граѓанските организации на различни нивоа. Потребата за вклучување на граѓанското општество уште во процесот на подготовка и програмирање на документите е неопходна, имајќи предвид дека граѓанските организации имаат капацитет да придонесат во унапредувањето на креирањето на политиките.

Во насока на унапредување на секторскиот пристап преку зголемување на учеството на граѓанските организации, кое придонесува до посеопфатно креирање и имплементирање на секторски политики, неопходно е спроведување на следниве акции:

| Приоритет/цел | Активност | Надлежен орган на државната управа |
|---|---|---|
| Суштинско и структурно учество на граѓанското општество со цел да влијае на клучните секторски реформи во процесот на пристапување кон ЕУ преку зајакнување на формалните механизми за консултации со граѓанското општество | Усвојување **одлука за измена на деловниците за работа на секторските работни групи** со предлог одредби што ќе одат во насока на : (1) дефинирање на унифициран начин (модел) за избор на претставниците на граѓанските организации во секторските работни групи; (2) дефинирање на улогата и мандатот на претставниците во секторските работни групи; (3) воведување обврска за водење годишен план на закажани седници и други активности на секторските работни групи; и (4) воведување одредба за задолжително објавување на релевантните документи од надлежност на секторските работни групи. | Влада на РСМ / Секретаријат за европски прашања |

| | | |
|---|---|---|
| | **Усвојување измени и дополнување на десет (10) деловници за работа** на Секторски работни групи заради усогласување со усвоената одлука од страна на Владата на РСМ. | Ресорни министерства:<br>Министерство за транспорт<br>Министерство за информатичко општество и јавна администрација<br>Министерство за правда<br>Министерство за финансии<br>Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за труд и социјална политика<br>Министерство за локална самоуправа<br>Министерство за здравство<br>Заменик на Претседателот на Влада надлежен за економски прашања |
| | **Усвојување два (2) деловници за работа на новоформираните секторски работни група** | Ресорни министерства:<br>- Министерство за животна средина и просторно планирање<br>- Министерство за финансии |

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)
Зајакнати формални механизми за структурно учество на граѓанското општество .

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)
Нема финансиски импликации.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):
Прилогот ќе биде достапен на www.dojalogkoneu.mk / едукација / годишни извештаи

23.09.2020 година

Потпис на застапникот

Фани Каранфилова-Пановска,
извршна директорка

М.П.

ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО-МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *